Градоначалникот на Град Скопје врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 123 став (1) и член 126 став (1) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и 89/22), решавајќи по барањето за добивање ЈУ од ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ УНИВЕРЗИТЕТСКИ КЛИНИКИ, ЗАВОД И УРГЕНТЕН ЦЕНТАР – Скопје (Главна котлара), со седиште на ул.„Мајка Тереза“, бр.17 - Скопје, Градоначалникот на Град Скопје донесе

**РЕШЕНИЕ**

1. **СЕ ИЗДАВА** Б-интегрирана еколошка дозвола за инсталацијата ЈУ од ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ УНИВЕРЗИТЕТСКИ КЛИНИКИ, ЗАВОД И УРГЕНТЕН ЦЕНТАР – Скопје (Главна котлара), со седиште на ул.„Мајка Тереза“, бр.17 - Скопје
2. **Се задолжува** ЈУ од ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ УНИВЕРЗИТЕТСКИ КЛИНИКИ, ЗАВОД И УРГЕНТЕН ЦЕНТАР – Скопје (Главна котлара), да постапува во согласност со условите и обврските дефинирани во оваа дозвола.
3. Б-интегрираната еколошка дозвола ќе се објави во дневен печат, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на издавањето, на сметка на барателот.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

ЈУ од ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ УНИВЕРЗИТЕТСКИ КЛИНИКИ, ЗАВОД И УРГЕНТЕН ЦЕНТАР – Скопје (Главна котлара),, (понатаму:барател), до Градоначаникот на Град Скопје поднесе барање за добивање Б-интегрирана еколошка дозвола бр.17-5954/1 на ден 07.08.2020 година (понатаму: барање).

Барателот врши дејност: - Согорувачки инсталации со номинален топлински влез поголем од 10MW, но помал од 50MW, која согласно член 122 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14,

44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и 89/22) и Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план („Службен весник на Република Македонија“ бр.89/05), задолжително подлежи на добивање Б-интегрирана еколошка дозвола.

По разгледување на поднесеното барање, надлежниот орган за издавање Б-интегрирана еколошка дозвола согласно член 123 став (1) од Законот за животната средина (понатаму: надлежен орган) со известување бр.08-5954/2 од 14.08.2020 година побара дополнителни податоци од барателот.

Барателот бараните информации ги достави со дополнување бр.17-5954/3 на 04.09.2020 година.

По разгледување на поднесеното барање, надлежниот орган за издавање Б-интегрирана еколошка дозвола согласно член 123 став (1) од Законот за животната средина (понатаму: надлежен орган) изготви пресметка и достави до барателот Налог за плаќање на надоместок при поднесување на барање за добивање Б-интегрирана еколошка дозвола, со бр.17-5954/4 од 04.09.2020 година, а истиот го достави и до Секторот за финансиски прашања на Град Скопје. Износот на надоместокот беше пресметан согласно Уредбата за висината на надоместокот кој треба да го плаќаат операторите на инсталациите кои вршат активности за Б-интегрирана еколошка дозвола ("Службен Весник на Република Македонија" бр.117/07, 64/10 и 186/16).

Надлежниот орган по разгледување на доставените дополнителни податоци утврди дека има недостатоци во дополнувањето на барањето и достави до барателот заклучок бр.08-5954/5 од 23.09.2020 година за доставување на дополнителни информации.

Барателот бараните информации ги достави со дополнување бр.17-5954/6 на 10.11.2020 година.

На ден 20.08.2021 година, извршен е увид на инсталацијата од страна на лице од Секторот за заштита на животната средина на надлежниот орган согласно член 2 од Правилникот за постапката за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола, при што е изготвен записник за извршен увид бр.17-5954/7 од 20.08.2021 година.

Надлежниот орган по извршениот увид, согласно записникот достави до барателот заклучок бр.08-5954/8 од 23.09.2021 година за доставување на дополнителни информации.

Барателот бараните информации ги достави со дополнување бр.17-5954/9 на 04.11.2021 година.

На ден 26.11.2021 година, извршен е увид на инсталацијата од страна на лице од Секторот за заштита на животната средина на надлежниот орган согласно член 2 од Правилникот за постапката за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола, при што е изготвен записник за извршен увид бр.17-5954/10 од 20.08.2021 година.

Надлежниот орган по извршениот увид, согласно записникот достави до барателот заклучок бр.08-11197/1 од 13.12.2021 година за доставување на дополнителни информации.

Барателот бараните информации ги достави со дополнување бр.17-11892/1 на 31.12.2021 година.

По разгледување на поднесеното барање, надлежниот орган за издавање Б-интегрирана еколошка дозвола согласно член 123 став (1) од Законот за

животната средина со заклучок бр.08-1377/1 од 07.02.2022 година побара дополнителни податоци од барателот.

Барателот бараните информации ги достави со дополнување бр.17-1377/2 на 17.02.2022 година.

Надлежниот орган по разгледување на поднесеното барање и дополнувања утврди дека истото е изготвено согласно пропишаната форма и содржина во Правилникот за постапката за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола („Службен весник на Република Македонија“ бр.112/14 и 42/16), а во врска со член 124 од Законот за животната средина.

Целосното барање се објави во дневен печат и на веб страната на Град Скопје на 15.04.2022 година, а согласно член 122 став (4) и член 99 од Законот за животната средина.

Надлежниот орган на ден 15.04.2022 година, со допис бр.17-1377/3 го достави предметното барање до Општина Центар, а со цел доставување мислење и забелешки по однос на барањето.

Општина Центар позитивно се произнесе по доставеното барање.

По истекување на законскиот рок од објавата на целосно барањето во дневен печат и на веб страната на Град Скопје, за време на кој не се добија мислења и забелешки, надлежниот орган на 16.05.2022 година изготви Нацрт дозвола со бр. 17-1377/5.

Надлежниот орган ја достави изготвената Нацрт дозвола до барателот, во печатена форма, на 16.05.2022 година. Надлежниот орган ја објави Нацрт дозволата на 18.04.2022 година на веб страната на Град Скопје, согласно член 122 став (4) и 107 став (13) од Законот за животната средина, а со цел консултирање на јавноста, со цел доставување забелешки доколку ги има. По нацрт дозволата не се добија никакви забелешки, ниту во законскиот рок од 14 дена од објавата, ниту по истекување на законскиот рок.

На 01.06.2022 година, извршен е увид во инсталацијата од страна на Секторот за заштита на животна средина и овластен инспектор од Сектор Инспекторат на Град Скопје, при што е изготвен записник за констатација од извршениот увид бр. 17-1226/5 од 04.05.2022 година, при кој се бараше дополнување.

Барателот бараните информации ги достави со дополнување бр.17-1377/9 на 03.06.2022 година.

Надлежниот орган врз основа на целосното барање, по завршувањето на целокупната постапка и согласно надлежностите кои произлегуваат од член 123 став (1) и член 126 став (1) од Законот за животната средина, утврди дека барателот ги исполнува условите за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола.

Б-интегрираната еколошка дозвола ќе се објави на веб страната на Град Скопје и во еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на издавањето, при што објавата во дневниот весник е на трошок на барателот, а согласно член 113 и член 122 став(4) од Законот за животната средина.

Врз основа на горенаведеното надлежниот орган одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Согласно член 126 став (2) од Законот за животната средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15,

39/16, 99/18 и 89/22), против ова решение може да се поднесе жалба во писмена форма до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на донесување на решението.

Решено во Град Скопје, Градоначалник на Град Скопје, на 27. 06. 2022 година, под број 08-1377/10.

**Изработил:**
Петар Ѓорѓиоски

**Контролирал:**
Никола Јовановски

**Одобрил:**
Соња Цветковиќ Чолакова

**Градоначалник на Град Скопје**

**Данела Арсовска**

Доставено до:

- Архива на Град Скопје
- ЈУ од ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ УНИВЕРЗИТЕТСКИ КЛИНИКИ, ЗАВОД И УРГЕНТЕН ЦЕНТАР – Скопје (Главна котлара)
- Сектор инспекторат на Град Скопје
- Министерство за животна средина и просторно планирање